ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ СКОПЈЕ
ПЈР МАКЕДОНИЈА



# План за вклучување на заинтересирани страни

## КОНЕЧНА ВЕРЗИЈА

1 Ноември 2018 година

## Содржина

**1 ВОВЕД ... 3**

1.1 Опис и содржина на Проект ... 3

1.2 Цели и опфат на Планот за вклучување на заинтересирани страни ... 4

**2 РЕГУЛАТОРНИ БАРАЊА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ ... 5**

2.1 Барања од националното законодавство ... 5

2.2 Барања од ЕБОР ... 5

2.3 Барања од ЕИБ ... 6

**3 ПРЕТХОДНО ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ ... 8**

**4 ПРОГРАМА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ ... 9**

4.1 Вовед ... 9

4.2 Одговорност за спроведување на ПВЗС ... 9

4.3 Планирани аранжмани за информирање и комуникација ... 9

4.4 Идентификувани заинтересирани страни и посебни барања за комуникација ... 13

**5 МЕХАНИЗАМ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ЖАЛБИ ... 17**

**6 МОНИТОРИНГ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ... 18**

**7 ДОДАТОЦИ ... 20**

A. Проектен формулар за поднесување жалби ... 20

B. Предлог-текст за Јавен флаер за поднесување жалби ... 21

C. Дијаграм за обработка на жалби ... 23

D. Листа на НВО во проектната област ... 23

## Кратенки

| | |
|---|---|
| ЕБОР | Европска Банка за обнова и развој |
| ПЖССА на ЕБОР (ESP) | Политика за животна средина и социјални аспекти на ЕБОР |
| ЕИБ | Европска инвестициона банка |
| АПЖСОА /ESAP | Акциски план за животна средина и социјални аспекти |
| ОВЖС /ESIA | Оценка на влијанието врз животната средина и социјалните аспекти |
| ПЈР | Поранешна Југословенска Република |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| НВО | Невладина организација |
| НТР | Нетехничко резиме |
| PR | Барања за реализација |
| ПВЗС | План за вклучување на заинтересирани страни |
| ПСОВ | Пречистителна станица за отпадни води |

# 1 ВОВЕД

## 1.1 Опис и содржина на Проект

### Вовед

Европската Банка за обнова и развој (**ЕБОР**) и Европската Инвестициона Банка (**ЕИБ**) (заедно: **Заемодавачи**) ја разгледуваат можноста за обезбедување финансиски средства за Поранешна Југословенска Република (ПЈР) Македонија за финансирање на изградбата на нова пречистителна станица за отпадни води (ПСОВ) (**Проектот**) во градот Скопје (**Градот**). Проектот ќе опслужува 9 од 10 општини кои се во состав на Градот.

Избрана е локација која е блиску до реката Вардар на источниот дел од Градот. Инвестицијата ќе ја спроведе Јавното претпријатие (ЈП) Водовод и канализација (**Претпријатието**), во целосна сопственост на Градот. Корисник на заемот е Претпријатието. Со Проектот се бара проширување на канализациската мрежа, што се спроведува одделно како тековен процес на Град Скопје.

### Краток опис на Проектот

Локацијата за изградба на ПСОВ, согласно дефинираното со Генералниот урбанистички план (ГУП) Скопје 2012-2022, се наоѓа на југоисточниот дел од Скопската Котлина, во рамките на општина Гази Баба. Оваа општина се наоѓа на источниот дел од Градот. Реката Вардар се наоѓа јужно од локацијата, и истата тече во насока од запад кон исток.

Проектот е во две фази. Пречистувањето на отпадните води ќе се состои од единици за предтретман и единици за биолошки третман кои ќе се изградат во првата фаза до 2030. Надградбата на биолошкиот третман за вклучување на отстранување на азотот и фосфорот ќе се изгради во втората фаза од проектот (до 2045). Единиците за дезинфекција и за одделен третман на атмосферска вода се сметаа за опционални инсталации за изградба во втората фаза од проектот. Третираниот ефлуент ќе се испушта во реката Вардар. Проектираниот капацитет на ПСОВ е 625.000 е.ж. (еквивалент жител) во 2030, и 650.000 е.ж. во 2045.

Најблиска населба до ПСОВ е населеното место **Вардариште** (првите куќи се наоѓаат на воздушно растојание од 400 м северно од ПСОВ, додека преостанатиот дел од населеното место се наоѓа 650 м на север). Други населени места во близина на ПСОВ се **Горно Лисиче** (700 m на запад) и населеното место **Ергеле** (1100 m). На следната слика е прикажана локацијата на ПСОВ и околните населби.




***Слика 1****: Мапа со приказ на локацијата на ПСОВ и околните населби (извор: Консултантот)*

### Придобивки од Проектот

Клучните придобивки од Проектот се:

- Прекинување на тековната пракса на испуштање на нетретираните отпадни води во реката Вардар
- Проширување на колекторот за отпадни води и инсталација на сеопфатен систем за пречистување на отпадните води во Градот, што ќе резултира во подобрување на еколошката и здравствената состојба на населението во Градот и во областите по течението на реката. Повеќе од 500.000 жители на Градот ќе имаат придобивки од подобреното управување со отпадни води, како и сите други жители од населбите по течението во ПЈР Македонија и Грција до Егејското Море
- Исполнување на стратешките цели утврдени во стратегиите и плановите за водостопанство на државно ниво и исполнување на одредбите од локалното законодавство за да се осигури дека водните тела достигнале „добра состојба“, како и за да се спречи какво било понатамошно влошување на постојната состојба на површинските и подземните води
- Зголемени можности за вработување за локалното население во текот на изградбата и работењето на ПСОВ.

### Категоризација на Проект

Со оглед на тоа што овој Проект вклучува развој на „гринфилд“ ПСОВ со капацитет за повеќе од 150.000 е.ж., истиот е категоризиран како проект од „А“ категорија во согласност со барањата на Заемодавачите.

## 1.2 Цели и опфат на Планот за вклучување на заинтересирани страни

Планот за вклучување на заинтересирани страни („ПВЗС“) беше изготвен од страна на Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ Скопје со цел сите заинтересирани и засегнати страни да бидат јасно информирани за програмата за вклучување на заинтересирани страни која треба да се спроведува во текот на целиот проектен циклус.

Целта на овој ПВЗС е подобрување и олеснување на креирањето одлуки поврзани со Проектот и креирање можности за активно и навремено вклучување на сите заинтересирани страни, како и обезбедување можности за сите заинтересирани страни да можат да го искажат своето мислење и проблеми кои би можеле да влијаат на проектните одлуки. Следствено, целта на ПВЗС е да се зајакне вклучувањето на заинтересираните страни во текот на животниот циклус на Проектот, и да се спроведе вклучување на заинтересираните страни во согласност со законите на ПЈР Македонија, како и согласно барањата на ЕБОР и ЕИБ.

ПВЗС ќе се ажурира според потребите.

# 2 РЕГУЛАТОРНИ БАРАЊА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ

## 2.1 Барања од националното законодавство

Согласно националното законодавство, потребно е да се реализираат активности поврзани со објавување информации и консултации со јавноста (конкретно, *Законот за животна средина*[1]) во текот на **процесот на оценка на влијанието врз животната средина (ОВЖС).** Постапките за обејавување и консултации ги вклучуваат следните чекори:

- Јавноста е информирана за деталите од објавувањето на нацрт планот/документот (каде има достапна печатена копија, како и датум и време кога истата може да се разгледа) преку медиумите; граѓаните/организациите се поканети да испратат коментари и/или да присуствуваат на јавните консултации;
- Јавните консултации се одржуваат на соодветно место на локално подрачје (на пр., градско собрание) каде се презентира планот/документот;
- Коментарите кои се добиваат од сите заинтересирани страни се обработуваат, а планот/документот се ревидира за да ги вклучи таквите коментари.

Во согласност со *Законот за урбанистичко и просторно планирање*[2], јавноста мора да биде информирана и консултирана во текот на **процесот на изготвување и донесување на документацијата за урбанистичко и просторно планирање.**

Покрај тоа, земјата пристапи кон **Архуската конвенција за пристап до информации, учество на јавноста во донесувањето одлуки и пристап до правдата за прашањата поврзани со животната средина** во 1999 година. Со Архуската конвенција се гарантираат правата на јавноста во врска со пристапот до информации, учеството на јавноста и пристапот до правдата, во процесите за донесување одлуки на владата за прашања поврзани со локалната, националната и прекуграничната животна средина. Во Член 2 (в) од Конвенцијата е наведено дека Конвенцијата се применува не само на сите нивоа на извршната власт, туку и на „сите други физички или правни лица кои имаат јавни задолженија или функции, или што обезбедуваат јавни услуги во врска со животната средина, под контрола на [јавно тело].” Во согласност со Конвенцијата, од Претпријатието се бара да:

- Одговори на барања од јавноста за информации поврзани со животната средина (секој преставник на јавноста може да достави барање, без оглед на државјанството, националноста или местото на постојан престој)
- Редовно ги собира и објавува пред јавноста информациите поврзани со животната средина и да ја известува јавноста дека има достапни информации; како и да обезбедува информации за итни случаи.

## 2.2 Барања од ЕБОР

ЕБОР има сеопфатен пакет на конкретни Барања за реализација (PR) кои проектите треба да ги исполнат. PR 10 (*Обелоденување на информации и вклучување на заинтересирани страни*) од Политиката на ЕБОР за животна средина и социјални аспекти (ПЖССА) ја истакнува важноста на отвореното и транспарентното вклучување помеѓу проектот, неговите вработени, локалните заедници кои се директно засегнати од

[1] С.В. на ПЈР Македонија, бр. 53/2005, со последни измени во 39/16
[2] С.В. на ПЈР Македонија, бр. 199/14, со последни измени во 163/16

проектот и другите заинтересирани страни како суштински елемент на меѓународно прифатените добри практики и корпоративното граѓанство. Вклучувањето на заинтересираните страни вклучува идентификација и анализа на заинтересирани страни, планирање на вклучувањето на заинтересирани страни, откривање на информации, консултации и учество, механизам за поднесување жалби, и тековно известување на релевантните заинтересирани страни.

Во согласност со PR 10, од проектите се бара да изготват и спроведат План за вклучување на заинтересирани страни соодветен на природата и опфатот или на ризиците, влијанијата и развојната фаза на проектот, и да спроведат вклучување на заинтересираните страни врз основа на обезбедување пристап до навремени, релевантни, разбирливи и достапни информации за локалните заедници кои се директно засегнати од проектот и за другите релевантни заинтересирани страни.

ПЖССА на ЕБОР содржи посебни барања за објавување информации и консултации за проекти од „Категорија А“ (т.е. проекти кои може да резултираат во потенцијално значајни идни влијанија врз животната средина и/или општествените аспекти кои не можат лесно да се идентификуваат). Процесот на оценка на влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти вклучува процес на објавување информации и консултации со јавноста како што е наведено во PR 10. Кога ЕБОР и проектот имаат утврдено Акциски план за животна средина и социјални аспекти (АПЖССА), проектот мора да го обелодени АПЖССА на засегнатите страни. Проектот мора да ја одржува оценката на животната средина и социјалните аспекти во јавниот домен во текот на траењето на проектот, но истата може повремено да се менува и дополнува со дополнителни информации или да се архивира по завршувањето на проектот, сѐ додека е навремено достапна по барање.

Клиентот треба да доставува редовни извештаи за своите заинтересирани и засегнати страни во врска со резултатите постигнати во областа на животната средина и социјалните аспекти, како одделна публикација, или на својата веб-страница. Овие извештаи мора да бидат во формат што е достапен за засегнатите заедници, а интервалот на нивното донесување ќе биде сразмерен со проблемите на засегнатите заедници, но нема да биде помалку од еднаш годишно.

Во согласност со Политиката на ЕБОР за информирање на јавноста (2014), за проекти од „Категорија А“, покрај потребата од откривање информации за клиентите согласно ПЖССА, Банката ќе ги направи достапни оценките за влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти на веб-страницата на ЕБОР во своето Седиште во Лондон, и во локалните Канцеларии на ЕБОР најмалку 120 календарски денови пред разгледувањето на проектите од јавниот сектор од страна на Одборот.

## 2.3 Барања од ЕИБ

ЕИБ активно го промовира правото на пристап до информации, како и консултациите и учеството на јавноста. Стандард 10 од *Изјавата на ЕИБ за начела и стандарди за животната средина и социјалните аспекти (2009)* бара од промоторите да имаат отворен, транспарентен и отчетен дијалог со сите заедници засегнати од проектот и со релевантните заинтересирани страни, на ефективен и на соодветен начин. Вклучувањето на заинтересираните страни претставува инклузивен и итеративен процес кој вклучува, во различни степени, анализа на заинтересираните страни и планирање на вклучувањето, навремено откривање и ширење на/пристап до информациите, консултации со јавноста и учество на заинтересираните страни, и механизам што осигурува пристап до поднесување жалби и правни лекови.

Конкретните цели од Стандард 10 се како што следи:

- Воспоставување и одржување конструктивен дијалог меѓу промоторот, засегнатите заедници и другите заинтересирани страни во текот на проектниот циклус;

- Осигурување дека сите заинтересирани страни се соодветно идентификувани и вклучени;
- Вклучување на заинтересираните страни во процесот на обелоденување, вклучување и консултации на соодветен и ефективен начин во текот на проектниот циклус;
- Осигурување дека релевантните заинтересирани страни, вклучително со често маргинализираните групи во однос на полот, сиромаштијата, образовниот профил и другите елементи на социјалната ранливост, имаат еднаква можност да го искажат своето мислење и проблеми, и дека истите се земени предвид во донесувањето одлуки; и,
- Соодветно верификување и оценка дека квалитетот и процесот на вклучување реализиран од трети страни во проектот е во согласност со одредбите кои се вклучени во наведениот стандард.

# 3 ПРЕТХОДНО ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ

**Активности за вклучување на заинтересирани страни во согласност со барањата за просторно планирање**

Во текот на донесувањето на документацијата за просторно планирање (т.е. Генералниот урбанистички план за градот Скопје – ГУП), јавноста беше консултирана на неколку јавни дебати кои беа одржани во согласност со националното законодавство. Нацрт ГУП-от беше објавен во 2015 година на веб-страницата на Градот и се чува во печатена верзија во просториите на Градот. Во врска со локацијата на ПСОВ не беа добиени коментари.

Паралелно со постапката за изготвување на ГУП-от, започна постапката за изготвување на Стратегиската оценка на влијанија врз животната средина (СОЖС) во врска со ГУП-от, во согласност со *Законот за просторно и урбанистичко планирање*[3] и со *Законот за животна средина*[4]. Извештајот за СОЖС беше изготвен во 2012 г. [5] Јавните консултации за постапката за СОЖС беа спроведени во согласност со *Уредбата за учество на јавноста во процесот на изработка на прописи, планови и програми од областа на животната средина*[6]. Нацрт СОЖС беше објавена на веб-страницата на Град Скопје, и истата беше ставена на располагање во печатена верзија во просториите на Градот. На 13 август 2012 се организираше јавна дебата во просториите на Градот за да се претставаат клучните заклучоци од Извештајот за СОЖС. Учесниците разговараа само за општи прашања во врска со постапката, временскиот распоред за презентацијата, опфатот на презентираната документација и прашањата поврзани со заштитата на животната средина за идни проекти. Не се дискутираше за прашањето поврзано со пречистувањето на отпадните води и канализациониот систем.

**Активности за вклучување на заинтересирани страни во согласност со барањата за дозволи за животна средина**

Во согласност со националното законодавство за животна средина, беше изготвен нацрт за Студијата за ОВЖС за ПСОВ и истата беше доставена до Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) во 2017 г. Јавно беше поставена на веб-страницата на МЖСПП[7] на 25 април 2017 и беше достапна во печатена верзија во просториите на Службата за односи со јавноста на МЖСПП. Јавната дебата беше организирана на 14 јули 2017 година, во просториите на Град Скопје. Главните прашања кои беа истакнати во текот на јавната дебата се однесуваа на техничките детали на Проектот (на пример, производство на биогас и негово користење, можност за користење на согорувачот на ПСОВ за согорување на тиња од другите ПСОВ во други региони, употреба на SCADA за мониторинг на стапката на тек на отпадните води, итн.). Се поставија само неколку прашања за еколошките аспекти на Проектот (на пример, влијанието на постројката за согорување врз заштитеното подрачје „Острово“ во близина на локацијата на ПСОВ), и само едно прашање во врска со користењето на земјиштето (едно лице се интересираше дали неговата парцела ќе биде засегната со изградбата на ПСОВ).

---

[3] СВ на ПЈР Македонија, бр. 199/14, со последни измени во 136/16
[4] СВ на ПЈР Македонија, бр. 53/05, со последни измени во 99/18
[5] Од консултантската компанија „Технолаб“
[6] СВ на ПЈР Македонија, бр. 147/08, 45/11
[7] http://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2016/01/EIA_WWTP_Sk_-2017_02_06_final-en.pdf

# 4 ПРОГРАМА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ

## 4.1 Вовед

За да може соодветно да се одговори на потребите на различните групи, се дизајнираа канали за комуникација и информирање за сите идентификувани заинтересирани страни во согласност со нивните потреби. Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ Скопје потврдува дека значајното и навременото вклучување на заинтересираните страни може да придонесе кон успешна реализација на Проектот. Процесот на вклучување ќе се користи за да се добијат коментари и сугестии за развој на Проектот, што може да го подобри проектниот дизајн и да резултира во поголеми локални придобивки.

Беа идентификувани заинтересираните страни на Проектот со цел да се разгледаат различните барања за консултација. Заинтересираните страни вклучуваат лица или групи кои се:

- директно и/или индиректно засегнати од Проектот;
- имаат одредени интереси во Проектот и неговите активности;
- имаат способност да влијаат на Проектот и на неговиот конечен резултат.

Заинтересираните страни кои не се идентификувани во оваа фаза од Проектот можат директно да контактираат со Претпријатието за самите да се идентификуваат и да информираат за своите потреби за да се олесни ефективното спроведување на ПВЗС.

## 4.2 Одговорност за спроведување на ПВЗС

Претпријатието формираше Единица за имплементација на проектот (ЕИП) која ќе биде одговорна за спроведување на Проектот, вклучително со спроведувањето на овој ПВЗС, под надзор на Заемодавачите. ЕИП се состои од Раководител на ЕИП, четири членови на ЕИП и едно одговорно лице за административна поддршка.

За целиот проектен циклус беше назначено одговорно лице за спроведување на овој ПВЗС, и за комуникацијата со заедниците (види информации за контакт во Поглавје 5 од овој ПВЗС).

Сите изведувачи одговорни за спроведување на определени проектни активности ќе треба да ги спроведуваат релевантните одредби од ПВЗС (види Поглавје 5 за повеќе детали). Барањата за механизмот за поднесување жалби ќе бидат утврдени во тендерската документација и во договорите кои ќе се потпишат со изведувачите.

## 4.3 Планирани аранжмани за информирање и комуникација

Градот Скопје и Претпријатието имаат воспоставени механизми за комуникација со јавноста. Претпријатието има веб-страница која редовно се ажурира и на која се објавуваат вести, известувања и извештаи за тековни проекти. Исто така, Претпријатието има воспоставено механизам за поднесување жалби (во согласност со својата постапка за систем за управување со квалитет VIC-823-102) за постапување по приговорите од корисниците, кој е јавно достапен на неговата веб-страница и преку кој граѓаните може да достават какви било прашања поврзани со работењето на Претпријатието. Градот има и веб-страница која редовно се ажурира и преку која граѓаните редовно се информираат за активностите во Градот преку обезбедување релевантни информации, вклучително со информациите за организираните јавни дебати за прашања поврзани со животната средина/урбанистичкото планирање. На веб-страницата има формулар за доставување прашања и жалби.

Претпријатието и Градот спроведуваат јавни консултации и ширење на информации со кои се рефлектираат главните прашања кои се релевантни за Проектот.

### Документи и информации кои треба да се обелоденат

Претпријатието има намера да го ојави следниот пакет на информации за Проектот:

- Овој **План за вклучување на заинтересирани страни** (ПВЗС);
- **Студија за ОВЖС** изготвена во 2017 година**;**
- **Формулар за поднесување жалби на проектот** (види Додаток А) и **Флаер за жалби** (види Додаток В);
- **Нетехничко резиме** за оценката на животната средина и социјалните аспекти на Проектот;
- **Акциски план за животна средина и социјални аспекти**( АПЖСОА).

Информативниот пакет ќе биде јавно достапен на македонски јазик (како и на англиски јазик онаму каде е достапно) веднаш по добивањето на истиот, на веб-страницата на Претпријатието, Градот и на Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија, како што следи:

- www.skopje-vodovod.com.mk
- www.skopje.gov.mk
- www.moepp.gov.mk

Документите ќе бидат достапни на веб-страницата на Претпријатието, на Градот и на ЕБОР во текот на период од 120 календарски денови пред разгледувањето на Проектот од страна на Одборот на директори на ЕБОР, и ќе останат да бидат јавно достапни во текот на траењето на Проектот.

Покрај тоа, печатени верзии од документите ќе бидат достапни на следните локации:

1. Јавно претпријатие Водовод и канализација (адреса: ул. Лазар Личеноски 9, Скопје)
2. Град Скопје (адреса: бул. Илинден 82, Скопје)
3. Општина Гази Баба (адреса: ул. Архимедова 2, Скопје)
4. Општина Аеродром (адреса: бул. Јане Сандански 109Б, Скопје)
5. Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Македонија (адреса: Плоштад Пресвета Богородица бр. 3, Скопје)
6. Канцеларија на ЕБОР во Скопје (адреса: Соравија центар Скопје, 7 кат, Филип 2 Македонски бр. 3, 1000 Скопје)
7. Седиште на ЕБОР во Лондон (адреса: One Exchange Square London EC2A 2JN United Kingdom/Лондон, Обединето Кралство).

### Планирани состаноци

Градот и Претпријатието ќе закажат и одржат најмалку еден состанок за консултации со јавноста по обелоденувањето на горенаведените документи. Состанокот се планира да се одржи во текот на октомври или ноември 2018 г. Претпријатието ќе ги информира сите заинтересирани страни за точниот датум, време и место на одржување на состанокот, најдоцна 7 дена пред состанокот (но, по можност 2 недели), преку информирање преку веб-страниците на Претпријатието и на Градот, локалните медиуми (весници, интернет портали на весници) и огласните табли на општините Аеродром и Гази Баба. Известувањето за состанокот со јавноста ќе се објави и во населените места Вардариште, Горно Лисиче и Ергеле, за конкретно да се таргетира локалното население кое живее во овие заедници. Покрај тоа, директно ќе се контактира со НВОи кои се наведени во Анекс D од овој ПВЗС и истите ќе се известат за состанокот со јавноста.

Сите достапни информации и документи за Проектот ќе бидат обелоденети пред јавноста најмалку 2 недели пред состаноците. Ако е потребно, ќе се одржат и посебни состаноци за да се осигури дека

вклучувањето на заинтересираните страни е родово одговорно.

Целта на состаноците е да се обезбедат информации за јавноста во врска со изградбата и работењето на планираната ПСОВ. Учесниците ќе можат да ги презентираат своите мислења и забелешки во однос на Проектот, како и да предложат можни решенија за отворените прашања.

Заклучоците од состанокот ќе се договорат на состанокот и ќе се евидентираат. Сите образложени коментари и предлози ќе се земат предвид и соодветно ќе се разгледаат. ЕИП ќе објави извештај со резиме за сите релевантни отворени прашања, вклучително со објаснувањата за вклучување или исклучување на предлози.

Покрај тоа, на иницијатива на Претпријатието, Градот или на кои било идентификувани групи заинтересирани страни/поединци може да се организираат поединечни консултативни состаноци за конкретни прашања.

Во табела 1 подолу е дадено резиме од погоренаведените барања за вклучување на заинтересирани страни и откривање информации.

*Табела 1: Резиме од барањата за објавување информации и вклучување на заинтересирани страни*

| | Активност | Временски распоред/понатамошни детали | Одговорност |
|---|---|---|---|
| 1 | Да се осигури објавување на следните проектни документи на веб-страниците на Претпријатието, на Градот и на МЖСПП:<br>• Овој ПВЗС<br>• Студијата за ОВЖС<br>• Проектен формулар за поднесување жалби и Флаер за поднесување жалби<br>• Нетехничко резиме<br>• Акциски план за животна средина и социјални аспекти<br><br>Печатење и чување печатени верзии од документите во просториите на МЖСПП, Претпријатието, Градот, Општина Гази Баба и Општина Аеродром. | Сите достапни информации и документи за Проектот ќе бидат објавени пред јавноста веднаш откако ќе станат достапни, но најмалку 2 недели пред состанокот со јавноста.<br><br>Информативниот пакет ќе биде достапен на веб-страницата на Претпријатието, на Градот и на ЕБОР во текот на период од 120 календарски денови пред разгледувањето на Проектот од страна на Одборот на директори на ЕБОР, и ќе остане да биде јавно достапен во текот на траењето на Проектот. | ЕИП |
| 2 | Организација на најмалку еден состанок за консултации со јавноста по обелоденувањето на горенаведените документи<br>Поттикнување на доставување писмени предлози и коментари<br><br>Обезбедување навремен пристап до документите пред одржувањето на кој било состанок (најмалку 2 недели пред состанокот) | Сите заинтересирани страни ќе бидат информирани за точниот датум, време и место на одржување на состанокот, најдоцна седум дена пред состанокот (но, по можност 14 дена), преку информирање преку веб-страниците на Претпријатието и на Градот, локалните медиуми и огласните табли на општините Аеродром и Гази Баба.<br><br>Известувањето за состанокот со јавноста ќе се објави и во населените места Вардариште, Горно Лисиче и Ергеле.<br><br>Директно ќе се контактира со НВОи кои се наведени во Анекс D од овој ПВЗС и истите ќе се известат за состанокот со јавноста. | ЕИП |
| 3 | Организација на поединечни состаноци за консултации | Според потребите или барањата на Претпријатието, Градот или која било идентификувана група на заинтересирани страни/ поединци | ЕИП |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4 | Документирање на сите мислења, забелешки и можни решенија во однос на Проектот, а кои биле изнесени од заинтересираните страни во текот на консултативните состаноци, и соодветно разгледување на истите | Тековно | ЕИП |
| 5 | Објавување на информации во врска со степенот, временскиот распоред и времетраењето на планираните градежни работи, како и во врска со какви било очекувани прекини и проблеми преку веб-страниците на Претпријатието на Градот | Две недели пред започнувањето на градежните работи за ПСОВ | ЕИП |

## 4.4 Идентификувани заинтересирани страни и посебни барања за комуникација

Листата на идентификувани заинтересирани страни и посебни барања за комуникации е дадена во табела 2 подолу.

Предлозите за подобрување на предложените начини за комуникација се добредојдени и истите може да се пратат до лицето за контакт чии детали се дадени во Поглавје 5 од овој ПВЗС.

*Табела 2: Анализа на заинтересирани страни и барања за комуникација*

| Идентификувана заинтересирана страна | Посебни прашања или интереси | Цел за вклучување и комуникација | Начини за вклучување и комуникација |
|---|---|---|---|
| Локални жители во близина на планираната ПСОВ<br>Иако се наоѓа на самиот излез на Град Скопје, ПСОВ ќе се гради во близина на дел од населените места/ урбани единици на Скопје и рурални населби/ приградски населби до Градот. Првите куќи од најблиското населено место Вардариште се наоѓаат на воздушно растојание од приближно 400 m, измерено од центарот на локацијата на ПСОВ. Преостанатиот дел од населеното место Вардариште е на растојание од приближно 650 m.<br>Од другата страна на реката има уште едно многу населено и социјално компактно место со назив **Горно Лисиче**, чии први куќи се наоѓаат на растојание од приближно 700 m од центарот на локацијата на ПСОВ. | Во текот на изградбата, машините и тешките возила на локалните патишта ќе создаваат бучава која привремено може да влијае на локалното население во населените места Вардариште, Горно Лисиче и Ергеле.<br><br>Во текот на работењето на ПСОВ, не се очекува дека овие населени места ќе бидат под влијание од бучавата како резултат од работењето на механизацијата и опремата на локацијата поради нивната оддалеченост. Покрај тоа, не се очекува дека овие населени места ќе бидат изложени на непријатна миризба од работењето на ПСОВ ако се обезбеди соодветно функционирање на инсталациите за третман на миризба во ПСОВ. | Обезбедување навремени информации за ризиците и нарушувањата поврзани со периодот на изградба и работење, а во врска со нарушувањата наведени под „посебни прашања“. | • Состанок за консултации со јавноста и поединечни состаноци според потребите<br>• Објавување информации за степенот, временскиот распоред и времетраењето на планираните работи и за кои било очекувани прекини и проблеми на централната огласна табла во локалните канцеларии на општините Аеродром и Гази Баба, најдоцна две недели пред започнувањето на какви било градежни работи |
| Општа јавност на Град Скопје | Управување и испуштање на отпадните води во градот Скопје | Обезбедување навремени информации за придобивките и ризиците од Проектот | • Состанок за јавни консултации<br>• Објави за медиумите/печатот |
| Релевантни органи на владата, министерства и јавни институции, вклучително со:<br>• Град Скопје<br>• Општините Аеродром и Гази Баба<br>• Министерство за животна средина и | Издавање дозволи, согласности и мислења во согласност со локалното законодавство, контрола над почитувањето на локалното законодавство | Консултации со релевантните органи на власта во врска со проектните активности во рамките на | • Согласно утврденото во националното законодавство |

| Идентификувана заинтересирана страна | Посебни прашања или интереси | Цел за вклучување и комуникација | Начини за вклучување и комуникација |
|---|---|---|---|
| просторно планирање<br>• Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство<br>• Министерство за транспорт и врски<br>• Институт за јавно здравје – Скопје | | постапките за издавање дозволи<br><br>Известување врз основа на националните законски барања | |
| Заинтересирани невладини организации (НВОи)<br>Листата на потенцијално заинтересирани НВОи ги вклучува:<br>• Македонско еколошко друштво (МЕД)<br>• Движење на екологистите на Македонија (ДЕМ) – Скопје<br>• Еко-свест - Скопје<br>• Фронт 21/42<br>• Go Green – Биди зелен<br>• Други заинтересирани еколошки НВОи<br><br>Дури и ако тие организации сè уште немаат покажано конкретен интерес за овој Проект, на сите ќе им се обезбеди можност да го искажат своето мислење или прашања во текот на изготвувањето и спроведувањето на Проектот.<br><br>Забелешка: Секоја организација заинтересирана за Проектот може да ги испрати своите детали за контакт до ЕИП за да се вклучи во *Табелата на НВОи* дадени во Анекс D од овој ПВЗС и да биде директно информирана за настаните поврзани со Проектот. | Заинтересираните страни од големо значење за успешната реализација на Проектот и кои се заинтересирани за заштита на животната средина и здравјето на човекот. | Обезбедување навремени информации, комуникации и консултации | • Состаноци за консултации со јавноста и поединечни консултативни состаноци според потребите<br>• Директна комуникација преку е-пошта<br>• Објави за медиуми/печат |
| Вработени во Претпријатието и Синдикатот | Заинтересирани страни од големо значење за успешната реализација на Проектот кои се директно или индиректно | Обезбедување навремени информации за планираните проектни активности | • Интерни комуникациски канали на Претпријатието<br>• Обуки според потребите |

| Идентификувана заинтересирана страна | Посебни прашања или интереси | Цел за вклучување и комуникација | Начини за вклучување и комуникација |
|---|---|---|---|
| Изведувачи или подизведувачи за изградба, мониторинг и надзор над работењето и нивните вработени | вклучени во планирањето и спроведувањето на Проектот | Обезбедување на проектниот Кодекс за однесување и прописите за здравје и безбедност при работа, барањата за заштита на животната средина | • Информации преку тендерска постапка и договори<br>• Комуникации преку надзорот<br>• Неформални групни разговори на градилиштата за теми поврзани со здравјето и безбедноста<br>• Месечните извештаи за напредок се доставуваат од страна на изведувачите во текот на изведувањето на градежните работи<br>• Обуки |

# 5 МЕХАНИЗАМ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ЖАЛБИ

ЕИП во рамките на Претпријатието ќе воспостави Регистар за поднесени жалби, и ќе ги информира сите заинтересирани страни за механизмот за поднесување жалби преку информирање за достапноста на ваквиот регистар, неговата функција, лицата за контакт и постапките за поднесување приговори во засегнатите области. Формуларот за поднесување жалби на Проектот (Додаток А) и Флаерот за поднесување жалби (Додаток В) ќе бидат поставени на веб-страниците на Претпријатието и на Градот, а ќе бидат достапни и во печатена верзија во просториите на Претпријатието, Градот, Општина Гази Баба и Општина Аеродром.

ЕИП може и усно да биде информирана за сите коментари или прашања (лично или преку телефон) или писмено преку пополнување на Формуларот за поднесување жалби на Проектот (преку лично доставување, преку факс или е-пошта на адресата/бројот кои се дадени подолу), без да настанат какви било трошоци за подносителот. Жалбите може да се поднесат и анонимно или без да се користи формуларот.

Формуларот за поднесување жалби може да се достави и директно до Изведувачот на градежните работи, кој таквите добиени жалби/коментари веднаш ќе ги препрати до Претпријатието за да се овозможи на претпријатието понатаму да ја обработи жалбата/коментарот (т.е., да ја евидентира, потврди и одговори на жалбата во роковите кои се подолу дефинирани). Изведувачот е обврзан да го раздели Формуларот за поднесување жалби во врска со Проектот, да го објасни механизмот за поднесување жалби на засегнатите граѓан(и) и да го препрати пополнетиот Формулар за жалби до Претпријатието. Флаерот за поднесување жалби во врска со механизмот за поднесување жалби ќе биде постојано достапен на градилиштето, без оглед дали градилиштето е затворено или отворено. Флаерот ќе биде пластифициран и закачен на информативната огласна табла на градилиштето за да биде постојано достапен за јавноста.

Сите жалби ќе бидат евидентирани од страна на ЕИП во Регистарот на жалби и ќе бидат означени со број и потврдени во рок од седум календарски денови (графиконот за обработка на жалби е даден во Додаток С). Регистарот ќе ги содржи сите потребни елементи за жалбата да може да се расчлени според полот на лицето кое ја доставува како и според видот на жалбата. Секоја жалба ќе се евидентира во регистарот со следните информации:

- опис на жалба,
- датум на прием на жалба и кога се враќа потврдата на подносителот,
- опис на преземени активности (истрага, корективни мерки, превентивни мерки), и
- датум на решавање и затворање / доставување повратни информации до подносителот.

Ако жалбата/приговорот се недифинирани и не се доволно јасни, ЕИП ќе помогне и ќе обезбеди совети при формулирањето/преработката на поднесокот за жалбата/приговорот да бидат јасни, за целите на добивање информирана одлука од страна на ЕИП, во најдобар интерес на лицата засегнати од Проектот.

ЕИП ќе ги вложи сите напори за да го разгледа приговорот по потврдата за прием. Ако ЕИП не може да ги разгледа прашањата покренати со непосредната корективна активност, ќе се утврди долгорочна корективна активност. Подносителот ќе биде информиран за предложената

корективна активност и следењето на корективната активност во рок од 25 календарски денови по потврдувањето на приемот на жалбата. Ќе се идентификуваат и спроведат превентивни активности со цел спречување на повторно настанување на истото прашање во иднина; подносителот ќе биде информиран за истите. Во текот на процесот на информирање на подносителот за предложената активност, ЕИП ќе го потврди задоволството кај подносителот и ќе вложи напори заедно со подносителот да го потврдат успешното спроведување на активноста.

Ако ЕИП не може да го разреши конкретното прашање отворено преку механизмот за поднесување жалби или ако не е потребна активност, ќе се обезбеди детално објаснување/ образложение за причината зошто прашањето не е разрешено. Одговорот ќе содржи и објаснување за начинот на кој лицето/ организацијата кои го поднеле приговорот би можеле да продолжат со жалбата доколку исходот не е задоволителен.

Подносителите можат во секое време да побараат други правни лекови во согласност со правната рамка на ПЈР Македонија, вклучително со формалните правосудни жалбени постапки.

За вработените е достапен одделен механизам за поднесување жалби.

*Информации за контакт за прашања и жалби:*
До: Г. Кирил Жерновски
Јавно претпријатие „Водовод и канализација“
Адреса: ул. Лазар Личеноски 9, Скопје
Тел: + 389 2 3240 320
Е-пошта: kiril.zernovski@vodovod-skopje.com.mk

# 6 МОНИТОРИНГ И ИЗВЕСТУВАЊЕ

Резултатите од процесот за вклучување на заинтересирани страни ќе биде вклучен во Извештаите за мониторинг кои ЕИП треба да ги подготви. Првиот извештај ќе се подготви три месеци по започнувањето на Проектот и ќе продолжи да се изготвува на квартална основа во текот на градежните работи и на годишна основа во текот на работењето. Во извештаите ќе се вклучат следните информации:

- Место и време на одржани консултативни состаноци и други видови на активности за вклучување со информации за бројот на учесници;
- Прашања и проблеми кои се покренати во текот на консултативните состаноци и информации за тоа како покренатите прашања биле земени предвид од страна на Проектниот тим;
- Број и вид на жалби кои се поднесени во текот на периодот за известување, со наведување на отворени, решени и затворени жалби и дали истите се затворени во рамките наведени во механизмот за поднесување жалби.

Покрај тоа, ЕИП ќе ги достави до Заемодавачите годишните Извештаи за животна средина и социјални аспекти со резимирање на влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти,

здравствените и безбедносните резултати, откривањето информации и консултациите и спроведувањето на надворешниот механизам за поднесување жалби.

ЕИП ќе биде одговорна за мониторинг на сите активности за вклучување на заинтересираните страни во врска со Проектот, за осигурување на реализацијата и ажурирањето на овој ПВЗС и за известувањето на Заемодавачите.

# 7 ДОДАТОЦИ

## А. Проектен формулар за поднесување жалби

| | |
|---|---|
| **Референтен број** | |
| **Целосно име (незадолжително)**<br><br>☐ **Сакам анонимно да поднесам жалба.**<br>☐ **Барам мојот идентитет да не се открие без моја согласност.** | |
| **Информации за контакт**<br><br>**Ве молиме да означите на кој начин сакате да ве контактираме (пошта, телефон, е-пошта).** | ☐ **Преку пошта:** ***Ве молиме да ја наведете поштенската адреса:***<br>_____________________________________________________________________________<br>_____________________________________________________________________________<br>_______<br>☐ **Преку телефон: __________________________________________________**<br>☐ **Преку е-пошта** |
| **Претпочитан јазик за комуникација** | ☐ **македонски**<br>☐ **албански**<br>☐ **друг: ____________________** |
| | |
| **Опис на инцидент за жалба** | Што се случило? Каде се случило? На кого се случило? Кој е резултатот од проблемот? |
| | |
| **Датум на инцидент / жалба** | |
| | ☐ **Еднократен инцидент / жалба (датум _________________)**<br>☐ **Се има случено повеќе од еднаш (колку пати)? ______)**<br>☐ **Во тек (проблемот е во тек)** |
| | |
| **Што сакате да се направи за да се реши проблемот?** | |
| | |

Потпис: ________________________________

Датум: ________________________________

*Ве молиме да го доставите овој формулар до:*
До: Г. Кирил Жерновски
Јавно претпријатие „Водовод и канализација“, Скопје
Адреса: ул. Лазар Личеноски 9
Тел: + 389 2 3240 320
Е-пошта: kiril.zernovski@vodovod-skopje.com.mk

## B. Предлог-текст за Јавен флаер за поднесување жалби

Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ Скопје се стреми да осигури дека Проектот за Пречистителната станица за отпадни води Скопје нема да резултира во негативни влијанија за оние кои живеат во близина на проектните места или за другите потенцијално засегнати заинтересирани страни. Меѓутоа, доколку има определени прашања, би сакале да се информираме за вашите потенцијални проблеми или жалби во врска со проектните активности.

**Каков вид на жалба можам да поднесам?**

Секој може да поднесе жалба доколку смета дека проектните активности имаат негативно влијание врз нив, нивната заедница или нивната локална средина. Примерите за жалби може да вклучат, но не се ограничени на:

- Зголемено ниво на бучаво, прашања во врска со пристапот или други нарушувања во текот на градежните работи или работењето;
- Прашања во врска со здравјето и безбедноста на заедницата, како што е зголемениот сообраќај на тешки товарни возила на локални патишта, оштетување на локални патишта или несоодветно управување со отпад во текот на изведувањето на градежните работи;
- Прашања во врска со животната средина;
- Практики со кои се загрозува здравјето, безбедноста и сигурноста на вработените кои работат на Проектот;
- Несоодветно спроведување на проектниот План за вклучување на заинтересирани страни од страна на Претпријатието.

**Како можам да поднесам жалба?**

Секој може да поднесе жалба до Претпријатието (информациите за контакт се дадени подолу) или до Изведувачот без притоа да има какви било трошоци за подносителот, на следните начини:

a. усно (лично или преку телефон)
b. писмено преку поднесување на приложениот Формулар за поднесување жалби или во друга форма ако така се претпочита, и преку лично доставување, пошта, факс или е-пошта

**Информации за контакт:**

До: Кирил Жерновски

Јавно претпријатие „Водовод и канализација“, Скопје

Адреса: ул. Лазар Личеноски 9, Скопје. Тел: + 389 2 3240 320, Е-пошта: kiril.zernovski@vodovod-skopje.com.mk

Жалбите може и анонимно да се поднесат. Покрај тоа, ако сакате жалбата да остане доверлива, Претпријатието ќе се осигури дека вашето име и детали за контакт нема да се откријат без ваша согласност и дека тие информации се достапни само за тимот од Претпријатието кој директно работи на истражувањето на вашата жалба. Ако тимот не може целосно да ја истражи жалбата без да го открие вашиот идентитет или содржината на вашата жалба, за истото ќе бидете информирани.

**Како „Водовод и канализација“ ќе постапат со мојата жалба?**

Претпријатието ќе ги спроведе следните чекори за да ја обработи вашата жалба:



| **Чекор 1: Потврда** | **Чекор 2: Истражување** | **Чекор 3: Решавање** | **Чекор 4: Следни активности** |
|---|---|---|---|
| Претпријатието ќе Ве контактира за да ја потврди вашата жалба и барање во рок од 7 календарски денови. Потврдата ќе го вклучува референтниот број на важата жалба како што е заведена во Регистарот на жалби, лицето кое е одговорно за следење на жалбата и неговите/нејзини детали за контакт. | Претпријатието ќе започне со истражувањето на Вашата жалба. Можеби ќе ве контактираме во текот на процесот на истражување заради обезбедување дополнителни информации. | Ќе Ве контактираме со предлог решение во рок од 25 календарски денови (од чекор 1). Ако со истражувањето се утври дека жалбата не се однесува на проектните активности или дека претпријатието работи согласно релевантните национални и меѓународни стандарди во однос на жалбата, истото ќе Ви биде писмено образложено. | Претпријатието може подоцна да Ве контактира за да се увери дека активностите веќе не претставуваат проблем. |

## C. Дијаграм за обработка на жалби

## D.



## Листа на НВО во проектната област

| **Назив на организација** | **Информации за контакт** |
|---|---|
| Македонско еколошко друштво (МЕД) | Канцеларија 1: ул. Борис Трајковски 7, бр. 9А<br>Канцеларија 2: Архимедова 5 1000 Скопје<br>Тел: (02) 2402 773<br>Факс: (02) 2402 774<br>Моб: 078/ 371-175<br>contact@mes.org.mk |
| Движење на екологистите на Македонија (ДЕМ) – Скопје | Васил Ѓоргов 39/6, 1000 Скопје<br>Тел: (02) 3220-520<br>dem@dem.org.mk, ruska@dem.org.mk |
| Центар за истражување и информирање за животната средина „Еко-свест“ - Скопје | Бул. Св. Кирил и Методиј 30/1-6, 1000 Скопје<br>Тел: (02) 3217-247<br>Факс: (02) 3217-246<br>Моб: 072 726-104<br>info@ekosvest.com.mk |
| Фронт 21/42 | Климент Охридски 54-2/2, 1000 Скопје<br>Тел/Факс: (02) 3122-546<br>Моб: 075 433-231<br>contact@front.org.mk |
| Go Green – Биди зелен | Кукушка 4А<br>1000 Скопје<br>Тел: 02/3112-606<br>info@bidizelen.org |